РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено: 03.06.2024			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02	397/1		

До

Сенатот на

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид (УИНТ)

Охрид, 3.06.2024год.

Предмет: **Редовен 6-месечен извештај за активностите спроведени од страна на овластено лице за прием на пријави на корупција на УИНТ, за периодот ноември 2023 - мај 2024.**

Почитувани,

Врз основа на Законот за високо образование и Правилник за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот (арх.бр. 01-451/1 од 25.06.2021), со одлука арх. бр. 02-566/5 од 29.07.2021, избрана сум за овластено лице на УИНТ за прием на пријави на корупција.

Согласно Правилникот, го поднесувам овој 6-месечен извештај за спроведените и планираните активности во периодот ноември 2023 – мај 2024 година.

1. *Спроведени активности за подостапно пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите*

- Направена е брошура во електронска форма и доставена до студентите, административниот и наставничкиот кадар.
- Одржана е инфо-средба со студентите, административниот и наставничкиот кадар, на 30.05.2024 год. , за зголемување на свеста за корупцијата на универзитетите, нејзино детектирање и начини за сузбивање. Средбата беше со физичко присуство, во училницата 4 на универзитетот.
- Во ноември 2023 учествував во анкета, како координатор на ниво на институција во делот на следење и реализација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Анонимен прашалник се однесуваше на личната перцепција и ставови за борба против корупцијата. Понатаму ги пренесов прашалниците, кои беа поделени на две нивоа, еден за вработените на почетно и средно ниво и еден за

вработените на повисоко ниво на искуство во овие активности. Проектот го спроведувала Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), а финансиран бил од УСАИД.

2. *Тековно следење на примената на Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот и планирани активности*

Согласно донесениот акциски план, неколку значајни активности се извршени:

- Јавно објавување на донесени Правилници и други интерни акти на веб страната на УИНТ, како и конкурси (тековно се спроведува);
- Јавно објавување на избори во звања на веб страната на УИНТ (објавени се сите досегашни избори во звања и тековно се објавуваат сите новоизвршени избори);
- Јавно објавување на Одлуките за избор на Ректор, Проректор, Декан и други функции на УИНТ на веб страната на Универзитетот (јавно е достапна преку веб страната на УИНТ целата документација во врска со изборот на Ректор, а тековно ќе бидат објавувани и одлуките за избор на декани и проректор/и);
- Информирање на вработените и студентите на УИНТ за нивните права во случај на корупција (преку објавените документи на веб страната, а дополнително се одржуваат информативни средби);
- Спроведување континуирано запознавање информирање на студентите и вработените на УИНТ со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните права и обврски во таквите околности (тековно).

3. *Информација за доставени пријави на корупција*

- Во извештајниот период не е доставена ниту една пријава.

Со почит,
Овластено лице за пријави на корупција,
Проф. д-р Елена Хаџиева